**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број 02-2026/1**
**22 декември 2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 31 став 2 а во врска со член 30 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15), Државната изборна комисија на седницата одржана на ден 22.12. 2015 година , донесе

**ПРАВИЛНИК**
**За утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија

Државната изборна комисија именува генерален секратар за време од пет години.

**Член 2**

Постапката за избор на генерален секретар ја води Комисија за избор во состав од претседател и два члена.

Претседателот на Државната изборна комисија е претседател на Комисијата за избор.

Членовите на Комисијата за избор се потпретседателот на Државната изборна комисија и членот на Државната изборна комисија кој не се избира по предлог на политичките

Комисијата за избор има секретар.

Член 3

Постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија започнува со објавување на јавен повик.

Член 4

Јавниот повик се објавува во два дневни весника, од кои едниот на македонски јазик и неговото кирилско писмо а вториот на албански јазик и неговото писмо.

Член 5

Јавниот повик се објавува и на интернет страницата на Државната изборна комисија.

**Член 6**

Јавниот повик задолжително ги содржи следните елементи:

- Назив на институцијата која го објавува,
- Видот на изборот,
- Условите кои треба да ги исполнува кандидатот од член 30 став 2 од Изборниот законик
- Потребните документи и нивната форма со кои докажува дека ги исполнува потребните услови
- Рокот за пријавување
- Начинот на кој треба да се пријави
- Други податоци кои се од корист на кандидатите и кои ќе им помогнат во постапката на конкурирање.

**Член 7**

Содржината на јавниот повик, како и потребните документи кои се доставуваат во прилог, одлучува Државната изборна комисија.

Секој кандидат, кон сопствената пријава задолжително доставува CV со кратка биографија и бараните докази.

**Член 8**

Јавниот повик трае три дена, сметано од денот на објавувањето на јавниот повик во дневниот печат.

**Член 9**

Како кандидат за Генерален секретар на Државната изборна комисија може да се пријави лицето кое ги исполнува следниве општи услови:

- е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија;
- има завршено високо образование во областа на менаџмент, јавна администрација и други општествени науки;
- не е член на орган на политичка партија;
- има стручно познавање и искуство во областа на менаџмент во јавниот сектор.
- е од редот на административните службеници од категорија Б, односно од редот на раководните вработени согласно Законот за административни службеници.

**Член 10**

Постапка за избор на генерален секретар се состои од четири фази:

- Административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите;
- Оценка на кандидатите;
- Интервју на петте најдобро пласирани кандидати и
- Избор на генерален секретар.

**Член 11**

По истекот на рокот за пријавување, Комисијата за избор пристапува кон административна селекција на пријавените кандидати.

Административната селекција се состои од проверка на доставените податоци со условите од огласот и доказите доставени во прилог.

За кандидатите кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат утврдените услови, постапката на селекција завршува.

Административната селекција и проверката на веродостојноста на доказите мора да заврши во рок од еден ден по истекот на рокот предвиден за пријавување на кандидатите.

**Член 12**

За кандидатите кои ќе ја поминат административната селекција, Комисијата за избор преминува кон оценка на кандидатите.

**Член 13**

Критериуми за оцена на кандидатите се следните:

1) Работно искуство – општо (вкупно 5 бода)

- 4 – 6 години – 1 бод
- 6- 8 години- 2 бода
- 8-10 години – 3 бода
- 10-12 години – 4 бода
- над 12 години – 5 бода
-

2) искуство во спроведување на изборен процес ( вкупно 3 бода)

- Стручна служба на ДИК – 3 бода
- Помошно тело во ДИК- 2 бода
- во ОИК – 2 бода
- во ИО – 1 бод
- Управа за водење на матична евиденција -2 бода
- Министерство за правда –Сектор за управа и избори – 1 бода
- Државен завод за статистика -1 бод
- Министерство за надворешни работи-сектори чија што работа е поврзана со изборите – 1 бод
- Министерство за внатрешни работи сектори чија што работа е поврзана со изборите – 1 бод

3) Раководно ниво ( вкупно 5 бода)

- раководител на одделение – 2 бода
- помошник раководител на сектор – 3 бода
- раководител на сектор – 4 бода
- државен советник – 5 бода

4) Просечна оценка за државниот службеник за последните три години – до 5 бода

5) Сертификати,трениинзи и експертиза од областа на изборите – (вкупно 3 бода)
- За секој приложен сертификат по 1 бод но не повеќе од вкупниот број на бодови

**Член 14**

Оценката на кандидатите мора да заврши во рок од два дена по истекот на рокот предвиден за Административната селекција.

**Член 15**

Откако ќе заврши Оценката на кандидатите, Комисијата за избор, веднаш а најдоцна во рок од 24 часа изготвува ранг листа на сите кандидати.

**Член 16**

Комисијата за избор, веднаш по приемот на ранг листата закажува интервју со првите пет најдобро пласирани кандидати.

Ранг листата се составува согласно азбучниот редослед на презимето на кандидатите.

Интервјуто го води Државната изборна комисија во полн состав.

**Член 17**

По завршеното интервју, секој член од Државната изборна комисја ги оценува кандидатите од интервјуто со оценка од 1 до 10.

Оценувањето е тајно.

По завршеното интервју, се собираат дадените оценки за секој од кандидатите посебно и се определува просечна оцена за секој од кандидатите.

Просечната оценка од интервјуто се добива на начин што вкупниот број на добиени бодови од интервјуто на кандидатот, се дели со бројот 9.

**Член 18**

По завршувањето на интервјуто, Комисијата за избор изготвува ранг листа на кандидатите, во која нивниот пласман се определува согласно сумирањето на освоените бодови од оценката на кандидатите и добиената просечна оценка од интервјуто.

**Член 19**

Постапката за избор на генерале секретар на Државната изборна комисја завршува со избор на генерален секретар.

**Член 20**

Државната изборна комисија, го врши изборот на Генерален секретар на јавна седница на начин што гласа за трите најдобро пласирани кандидати, поединечно за секој од нив.

Редоследот за гласање на кандидатите, се одвива од најдобро пласираниот кон најслабо пласираниот кандидат.

Во моментот кога за некој од кандидатите ќе гласаат мнозинството од вкупниот број на члебнови на Државната изборна комсија, гласањето се прекинува а тој кандидат се именува за Генерален секретар на Државната изборна комсија.

**Член 21**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**